**ЗАПИСНИК**
**од 1-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 23.01.2019 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, м-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазар Трајчев (отсутен), Селвер Ајдини (оправдано отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, м-р Емилија Јаневска, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Ристо Гоговски, управител и основач на ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје, Борче Поповски од новинска агенција МЕТА.

Г-дин Петрушевски ја отвори 1-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна со задоцнување и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски објасни дека г-дин Ајдини два часа пред започнување на седницата го информирал дека од здравствени причини нема да присуствува на седницата. Г-дин Трајчев најавил дека ќе задоцни и ќе пристигне во текот на седницата. Во врска со дневниот ред објасни дека Точката 1 е ставена поради најновите измени на ЗААВМУ. Појасни дека на седница Советот нема да носи никаква конкретна одлука. Медиумот ќе има можност да објасни и да го убеди Советот во исправноста на неговото работење, да му дадат шанса да ги објасни неговите постапки, за подоцна кога ќе носат вистинска одлука да можат правилно да одлучат.

Советот на Агенцијата едногласно, со 5 гласа „за" го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Образложение од ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје за постапувањето на медиумот во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата.
2. Разно.

**Точка 1**

Г-дин Петрушевски во врска со образложениeто од ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје за постапувањето на медиумот во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата, му даде збор на Ристо Гоговски основач и управител на медиумот.

Г-дин Гоговски се заблагодари на покажаната доверба и објасни дека врз основа на укажувањата и доставените известувања, радиото го усогласи работењето согласно сите точки кои беа забележани како недостатоци. Смета дека Извештајот изработен од страна на радиото и испратен до Агенцијата, и Извештајот подготвен од Стручната служба кој е објавен на веб страницата на Агенцијата се усогласени и покажуваат дека во целост радиото ги исполнува условите кои произлегуваат од дозволата за радио емитување. Врз основа на тоа рече дека се надева на позитивен исход од постапката.

Г-дин Петрушевски се заблагодари на искажувањето на г-дин Гоговски и рече дека се надева дека во иднина ова нема да се повтори. Заложбата на Советот на Агенцијата секогаш е медиумите да егзистираат, да работат, да не се елиминираат од вакви технички причини.

Г-дин Фиданоски рече дека последниот вонреден надзор кој го направи Агенцијата покажа дека ТРД РФМ исполнува најмалку 80% од програмскиот концепт што е еден од условите покрај другите, да може да ја задржи дозволата. Медиумот се коригирал во програмската шема во однос на претходните надзори, така што нема да има пречки на седницата која ќе се одржи малку подоцна во текот на денот постапката која е покрената за одземање на дозволата да се запре.

Г-дин Фетаи рече дека ова претставува позитивен момент кога сите дискутираат за можноста да се продолжи со работењето на едно значајно радио кое го збогатува медиумскиот пејзаж на државата. Посебно што овој медиум ја реемитува програмата на Radio France Internationale која е добредојдена за сите слушатели во Република Македонија. Добро е што медиумот успеал да ги исполни обврските иако живееме во едно време кога комерцијалните, односно приватните медиуми неминовно се упатени кон пазарот, кон капацитетот на рекламирањето, кои можат да доведат до сериозни проблеми. Извештаите покажуваат дека има осиромашен пазар во смисла на реклами, а од друга страна зголемен број на медиуми. Но, тоа е дел од либералната економија. На медиумот му посака успех и изрази надеж дека уште многу долго ќе опстојува во медиумскиот простор во Република Македонија. Посака во иднина да нема повеќе вакви случаи и се изјасни дека ќе го поддржи медиумот.

**Точка 2**

**Разно**

Немаше точки под Разно

**Бр.** 02-304/2
25.01.**2019 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**